# СИМВОЛОТ НА ВЕРАТА

Верувам во едниот Бог Отец, Седржител, Творец на небото и земјата и на сѐ видливо и невидливо.

И во едниот Господ Исус Христос, Син Божји, единороден, Кој е роден од Отца пред сите векови, Светлина од Светлина, Бог вистинит од Бога вистинит, роден, не створен, едносуштен на Отца, преку кого сѐ бидна.

Кој заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од небесата и се воплоти од Духот Свети и Марија Дева и се вочовечи.

Кој беше распнат заради нас во времето на Понтиј Пилат и страдаше и беше погребан.

И Кој воскресна во третиот ден според Писмото.

И Кој се вознесе на небесата и седи оддесно на Отца.

И Кој пак ќе дојде со слава да им суди на живите и мртвите и Неговото Царство не ќе има крај.

И во Духот Свети, Господ, Животворец, Кој од Отца исходи, Кој со Отца и Сина е сопоклонуван и сославуван, Кој говорел преку пророците.

Во едната, света, соборна и апостолска Црква.

Исповедам едно крштение за отпуштање на гревовите.

Го чекам воскресението на мртвите.

И животот во идниот век. Амин.